ОПШТИНА НЕГОТИНО
Бр. 11-426/3
11.09.2023 година
Неготино

Врз основа на член 45 од Законот за урбанистичко планирање ( Службен весник на Република Северна Македонија бр.32/2020, 111/23), Општина Неготино објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за избор на изработувач на Стручна ревизија**

Општина Неготино објавува јавен повик за изработување на:

1. Стручна ревизија на Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на кружен тек на улица Маршал Тито на спој со улица Првомајска и улица Индустриска во Неготино општина Неготино, согласно член 58, став 2, точка 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.32/20, 111/23);
2. Стручна ревизија на Измена и дополна на урбанистички план вон населено место за лесна индустрија на КП бр. 556 дел, 678 дел, 679, 680, 681 дел, 762, 1000/1 дел, 1006/2 дел и 4178 дел, КО Криволак, КО Црвени Брегови 2, КО Неготино, општина Неготино;
3. Стручна ревизија на Урбанистички проект за градежно земјиште за формирање на градежна парцела за формирање на површина за изградба на спортска сала на КП 4216, КО Долни Дисан согласно Општ акт за село Долни Дисан (Одлука бр. 08-240/4 од 22.07.2016 година) согласно член 58 став 2, точка 5 од Законот за урбанистичко планирање.

**Понудата е деллива на следниот начин:**

**Дел 1:** Стручна ревизија на Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на кружен тек на улица Маршал Тито на спој со улица Првомајска и улица Индустриска во Неготино општина Неготино, согласно член 58, став 2, точка 1 од Законот за урбанистичко планирање;

**Дел 2:** Стручна ревизија на Измена и дополнување на урбанистички план вон населено место за лесна индустрија на КП бр. 556 дел, 678 дел, 679, 680, 681 дел, 762, 1000/1 дел, 1006/2 дел и 4178 дел, КО Криволак, КО Црвени Брегови 2, КО Неготино, општина Неготино;

**Дел 3**: Стручна ревизија на Урбанистички проект за градежно земјиште за формирање на градежна парцела за формирање на површина за изградба на спортска сала на КП 4216, КО Долни Дисан согласно Општ акт за село Долни Дисан (Одлука бр. 08-240/4 од 22.07.2016 година) согласно член 58 став 2, точка 5 од Законот за урбанистичко планирање.

Понудувачот може да даде понуда за еден, повеќе или за сите делови од предметот на јавниот повик. Понудувачот не може да ги дели составните елементи на поединечниот дел. При доставување на понудата понудавачот мора да ги исполнува условите наведени во овој јавен повик, а кои согласно важечките законски прописи се однесуваат како законски услови за извршување на услугата од делот за кој се однесува понудата

**1.Податоци за проектниот опфат:**

**1.1. Предмет на изработка за Дел 1:**

Стручна ревизија на Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на кружен тек на улица Маршал Тито на спој со улица Првомајска и улица Индустриска во Неготино општина Неготино, согласно член 58, став 2, точка 1 од Законот за урбанистичко планирање.

Површина на проектен опфат: 7.835$м^2$
Место: КО Неготино, општина Неготино

Проектниот опфат на Урбанистичкиот проект за инфраструктура е помеѓу улиците улица Маршал Тито на спој со улица Првомајска и улица Индустриска во Неготино општина Неготино.

Започнување на работите: веднаш по добивање на налог од општината за изработка на Стручната ревизија на урбанистички проект.
Стручната ревизија да се изработи согласно Законот за урбанистичко планирање ( Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање ( Сл. Весник на РСМ бр. 225/2020, 219/21, 104/22, 99/23 );

**1.2. Предмет на изработка за Дел 2**:

Стручна ревизија на Измена и дополнување на урбанистички план вон населено место за лесна индустрија на КП бр. 556 дел, 678 дел, 679, 680, 681 дел, 762, 1000/1 дел, 1006/2 дел и 4178 дел, КО Криволак, КО Црвени Брегови 2, КО Неготино, општина Неготино

Површина на проектен опфат: 34,56 ха
Место: КО Криволак, КО Црвени Брегови 2, КО Неготино, општина Неготино

На север Планскиот опфат се движи кон исток по КП бр. 678 (пат) од која опфаќа дел, на исток границата се движи по источната граница на КП бр. 681 и продолжува кон јужна страна, на југ границата се движи и ја опфаќа КП бр. 681 до пресек со локален пат и продолжува кон запад до пресек со регионален пат Р-103, на запад границата се движи по осовина на регионален пат Р-103 до пресек со КП бр.678 (земјан пат) на север.

Започнување на работите: веднаш по добивање на налог од општината за изработка на стручна ревизија на УПВНМ.

Стручната ревизија да се изработи согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 225/2020, 219/21, 104/22, 99/23 );

**1.3. Предмет на изработка за Дел 3:**

Стручна ревизија на Урбанистички проект за градежно земјиште за формирање на градежна парцела за формирање на површина за изградба на спортска сала на КП 4216, КО Долни Дисан согласно Општ акт за село Долни Дисан (Одлука бр. 08-240/4 од 22.07.2016 година) согласно член 58 став 2, точка 5 од Законот за урбанистичко планирање.

Површина на проектен опфат: 4.298 $м^2$.
Место: КО Долни Дисан, општина Неготино.

На север планскиот опфат граничи со КП 4215 и улица дефинирана со општ акт за село Долни Дисан, на исток границата се движи по КП 4221, на југ границата на планскиот опфат се движи по КП 4213 и 4222 а на запад со КП 4357/1 (улица).
Започнување на работите: веднаш по добивање на налог од општината за изработка на стручна ревизија на УП.

Стручната ревизија да се изработи согласно Законот за урбанистичко планирање ( Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање ( Сл. Весник на РСМ бр. 225/2020, 219/21, 104/22, 99/23 );

**2.Период на изработка на Стручна ревизија за Дел 1, Дел 2 и Дел 3:**

-15 дена за изработка на стручната ревизија по добивање на барање;
-5 дена за изработка на стручната ревизија по доставување на корегирана урбанистичко планска проектна документација.

**3.Потребна документација за докажување и исполнување на критериуми за Дел 1 Дел 2 и Дел 3**:

На јавниот повик можат да се пријават правни лица со извод од регистарот на правни лица кои ги исполнуваат условите за вршење на стручна ревизија согласно Закон за урбанистичко планирање ( Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23) или важечка лиценца за изработување на ревизија за урбанистички планови, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/14, .........168/18).
За докажување на овој услов се доставува Копија од извод од регистарот на правни лица кои ги усполнуваат условите за вршење на стручна ревизија согласно Закон за урбанистичко планирање ( Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23) или копија од важечка лиценца за изработување на урбанистички планови, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/14, .........168/18).

**Документација за докажување и исполнување на критериуми за Дел 1, Дел 2 и Дел 3 :**

**3.1** Како услов за утврдување способност за вршење професионална дејност, правното лице да достави доказ дека е регистриран како правно лице за вршење на дејноста

поврзана со предметот на набавка односно треба да достави Документ за регистрирана дејност - образец ДРД или потврда за регистрирана дејност.

**3.2** При утврдување на способноста за вршење професионална дејност на понудувачот се бара и доказ издаден од надлежен орган за исполнување на посебните услови за вршење на дејноста пропишани согласно со закон кои се однесуваат на предметот на набавка односно правното лице да има важечка лиценца за изработување на урбанистички планови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 199/14, .........168/18) или извод од регистарот на правни лица кои ги усполнуваат условите за вршење на стручна ревизија, согласно Законот за урбанистичко планирање ( Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23).

**4. Рок и начин за доставување н понудата за Дел 1, Дел 2 и Дел 3:**

Понудите да се достават најдоцна до 26.09.2023г (вторник) до 16,00 часот преку архивата на Општина Неготино, во плик со назнака „ НЕ ОТВАРАЈ" и „ за ЈАВЕН ПОВИК бр.11-426/3

**5.Датум, време и место на отворање на понудите**:
27.09.2023 год, во 12,30 часот, во просториите на Општина Неготино (сала на советот на Општина Неготино).

**6. Критериуми за доделување на договор на јавниот повик за Дел 1, Дел 2 и Дел 3;**

**6.1**. кадровска и техничка опременост на правното лице
-да има вработено најмалку 3(три) дипломирани инженери архитекти - урбанисти на неопределено време со овластување или потврда за изработка на стручна ревизија на урбанистички планови (листа на вработени од надлежен орган не постара од 1 месец од денот на отварање и важечки овластувања или потврди);
-да достави листа за техника опременост;

**6.2. Референтна листа за извршени работи :**
- референтна листа за извршени работи за ист или сличен предмет на работи од последните 3 години;

**6.3 Претходни позитивни стручни референци од подрачјето на проектниот опфат што е предмет на јавниот повик.**
-најмалку 3 (три) стручни референци за извршени исти или слични работи во последните 3 години од подрачјето на проектниот опфат што е предмет на јавниот повик.

**6.4 Понудена организација и методологија на изработка на работите;**
-динамичен план со рокови на активности во денови пропишани со законската регулатива;

**6.5 Финансиска солвентност**
-да остварил позитивен финансиски резултат за последните 2 години со доставување на извештај за биланс на успех или завршна сметка заверени од надлежен орган.;

**6.6 Вредност на понудата да биде согласно Тарифникот за вредност на работите од урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.140/2021).**
Понудувачот треба да ги внесе единичните цени и вкупната цена на набавката во предмерот од Прилог 1.

Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на понудувачот, да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно.

**Понудата е деллива.**

**Начин на плаќање:** Вирмански, по доставена фактура за извршена услуга во рок од 60 дена. (**50% по доставувањето на стручната ревизија на Нацрт-планот /на предлог УП и 50% по усвојувањето на урбанистичкиот план/ донесување на урбанистичкиот проект**).

***Понудите кои не се предадени во определениот рок, како и оние кои не ги содржат сите потребни елементи согласно условите на повикот, нема да бидат разгледани.***

Понудите ќе бидат оценувани комисиски по основ на следните критериуми:

- Цена на изработка на услугите (**60 бода**);
-број на вработени архитекти инженери и инженери од други области релевантни за урбанистичко планирање. (**3-4 вработени 6 бода и повеќе од 5 вработени 10 бода**);
- Број на стручни референци за извршени исти или слични работи во последните 3 години, бодувањето ќе се врши врз основа на потврди издадени од страна на надлежните органи за донесување/одобрување на урбанистички планови и проекти (**20 бода; 3-5 референци-10 бода, од 6-10 референци -15 бода, повеќе од 10 референци 20 бода** );
-рок за извршување на активностите. (**10 бода, отстапки повеќе од 6 дена од наведените-3 бода, отстапки од 3-6 дена од наведените-6 бода, прифаќање на наведените рокови -10 бода**).

***Напомена: Понудувачот во планот и динамиката за извршување на услугите да наведе реални рокови за исполнување на секоја од законските постапки до донесувањето на ДУП. При склучувањето на договорот ќе биде предвидена договорна казна во висина од 0,05% од вредноста на услугата за секој ден задоцнување со исполнување на услугата.***

**За дополнителни информации, контакт лице: Весна Ѓорчева тел.071 249 -125**
**e-mail: vesnagorceva@gmail.com.**

**ОПШТИНА НЕГОТИНО**
**Градоначалник**
**Горан Стојанов**

**ПРИЛОГ 1 за дел 1**

| Ред. бр | Предмет на изработка | Површина | Цена без ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Стручна ревизија на Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на кружен тек на улица Маршал Тито на спој со улица Првомајска и улица Индустриска во Неготино општина Неготино, согласно член 58, став 2, точка 1 од Законот за урбанистичко планирање | 7.835 $м^2$ | | |

**ПРИЛОГ 2 за дел 2**

| Ред. бр | Предмет на изработка | Површина | Цена без ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Стручна ревизија на Измена и дополнување на урбанистички план вон населено место за лесна индустрија на КП бр. 556 дел, 678 дел, 679, 680, 681 дел, 762, 1000/1 дел, 1006/2 дел и 4178 дел, КО Криволак, КО Црвени Брегови 2, КО Неготино, општина Неготино | 34,56 ха | | |

**ПРИЛОГ 3 за дел 3**

| Ред. бр | Предмет на изработка | Површина | Цена без ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Стручна ревизија на Урбанистички проект за градежно земјиште за формирање на градежна парцела за формирање на површина за изградба на спортска сала на КП 4216, КО Долни Дисан согласно Општ акт за село Долни Дисан (Одлука бр. 08-240/4 од 22.07.2016 година) согласно член 58 став 2, точка 5 од Законот за урбанистичко планирање | 4.298 $м^2$ | | |